# ПОЛИТИКА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Ние испорачуваме на одржлив начин.**
Го избираме вистинскиот, а не полесниот пат и покажуваме интегритет во нашите постапки, кои секогаш се во согласност со нашите етички принципи.
Нашето дејствување е насочено кон одредена цел, земајќи ги предвид влијанијата врз животната средина, заедниците и планетата.
Почитувањето на човековите права е основното начело за одржливост на Coca-Cola HBC и на заедниците со кои работиме. Во нашата компанија се залагаме луѓето да се третираат со достоинство и почит.

**Политиката за човекови права** на Пивара Скопје, АД и Coca-Cola HBC е заснована на меѓународните принципи за човекови права содржани во Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации, Декларацијата на Меѓународната организација на трудот за основните принципи и права на работа, Глобалниот договор на Обединетите нации и Водечките принципи на Обединетите нации за бизнис и човекови права.

**Политиката за човекови права** се однесува на Пивара Скопје, АД и Coca-Cola HBC, на субјектите во нивна сопственост, на субјектите во кои имаат мнозински удел и на капацитетите со кои управуваат. Компанијата е посветена на почитување на принципите во оваа политика. Нашите Водечки принципи за добавувачите се однесуваат на нашите добавувачи и се усогласени со очекувањата и заложбите од оваа политика.

### Почитување на човековите права

Пивара Скопје, АД и Coca-Cola HBC ги почитуваат човековите права. Се залагаме за идентификување, спречување и ублажување на сите негативни влијанија врз човековите права коишто се поврзани со нашите деловни активности преку спроведување на процесите на длабинска анализа на човековите права и превентивна усогласеност.

### Вклучување на заедницата и на засегнатите страни

Го препознаваме нашето влијание врз заедниците во кои работиме. Се залагаме за вклучување и комуникација со засегнатите страни од тие заедници за да осигуриме дека учиме од нив и ги слушаме и земаме предвид нивните ставови при водењето на нашиот бизнис.
Онаму каде што е соодветно, се залагаме за вклучување во дијалог со засегнатите страни за прашањата за човековите права поврзани со нашиот бизнис. Сметаме дека локалните проблеми најсоодветно се решаваат на локално ниво. Се залагаме и за создавање економски можности и за поттикнување добра волја во заедниците во кои работиме преку реализирање иницијативи коишто се релевантни на локално ниво.

### Ранливи поединци и заедници

Се залагаме за почитување на човековите права на сите поединци без разлика на расата, полот, родовиот идентитет, бојата на кожата, националното или социјалното потекло, религијата, возраста, попреченоста, сексуалната ориентација, политичкото мислење, за кои постои можност да бидат изложени на зголемен ризик да станат ранливи или маргинализирани, вклучувајќи ги но не ограничувајќи се на мигрантите, домородното население, бегалците, малцинствата, доколку тие се негативно засегнати од нашите активности или деловни односи. Ги почитуваме основните човекови права коишто се утврдени во националните закони и во Декларацијата за човековите права и Поглавјето за човековите права на Обединетите нации.

## Вреднување на различноста и еднаквите можности

Ја цениме различноста на нашите вработени и нивниот придонес. Обезбедување еднакви можности и неприфаќање дискриминација и вознемирување се наша долгогодишна заложба.
Пивара Скопје, АД е работодавач којшто нуди еднакви можности и посветени сме на обезбедување инклузивна работна средина без дискриминација или вознемирување поради расата, полот, родовиот идентитет, бојата на кожата, националното или социјалното потекло, религијата, возраста, попреченоста, сексуалната ориентација, политичкото мислење или кој било друг статус заштитен со применливите закони.
Основата на регрутацијата, вработувањето, обуките, надоместоците и напредувањето во компанијата се заснова на квалификациите, резултатите, вештините и искуството Се залагаме за еднаквост и за еднаква плата.
Без оглед на личните карактеристики или статусот, компанијата не толерира непочитување или несоодветно однесување, нефер третман или одмазда од каков било вид. Вознемирувањето е неприфатливо како на работното место така и во какви било околности поврзани со работата надвор од работното место. Овие принципи не важат само за вработените во компанијата туку и за деловните партнери со кои работиме. За подетални информации, погледнете ја нашата Политика за инклузија и диверзитет и за спречување на вознемирување.

## Слобода на здружување и колективни преговори

Го почитуваме правото на нашите вработени да се придружуваат, да формираат или да не се придружуваат во синдикална организација без страв од одмазда, заплашување или вознемирување. Онаму каде што вработените се претставени со законски признаена синдикална организација, се залагаме за воспоставување конструктивен дијалог со нивните слободно избрани претставници. Се залагаме со добра волја да ги водиме колективните преговори со тие претставници.

## Безбедна и здрава работна средина

Обезбедуваме безбедна и здрава работна средина и ги почитуваме важечките закони, прописи и интерни барања за безбедност и здравје при работа. Посветени сме на одржување продуктивна работна средина така што ќе го минимизираме ризикот од несреќи, повреди и изложеност на здравствени ризици.

Посветени сме на вклучување на нашите вработени во активностите за постојано подобрување на здравјето и безбедноста при работа, вклучувајќи го и идентификувањето на опасностите и решавање на проблемите поврзани со здравјето и безбедноста.

## Безбедност на работното место

Посветени сме да одржуваме работна средина во која нема насилство, вознемирување, заплашување и други небезбедни или вознемирувачки услови поради внатрешни и надворешни закани. Мерките за заштита на безбедноста на вработените се обезбедуваат по потреба и се одржуваат со почитување на приватноста и достоинството на вработените.

**Ропство, принудна работа и трговија со луѓе**

Забрануваме држење на кое било лице во ропство или слугување, користење на сите форми на принудна, обврзана или задолжителна работа и каква било форма на трговија со луѓе.

**Детски труд**

Ги почитуваме сите локални закони за минимална возраст за вработување, како што е предвидено во Конвенцијата 138 на МОТ. Забрануваме вработување лица под 18 години на позиции кои имаат опасна работа, како што е предвидено во Конвенцијата 182 на МОТ.

**Влијанија врз земјиштето, водните ресурси и животната средина**

Се залагаме за обезбедување минимално влијание врз животната средина, особено избегнување влијанија кои можат да резултираат и со зголемен ризик по човековите права, како што се пристап до вода, санитарни услови и чиста животна средина. Како главен купувач на неколку земјоделски производи, состојките ги набавуваме преку трети страни и се залагаме да купуваме одржливи сертифицирани култури, со што ја поддржуваме и промовираме заштитата на правата на земјиштето на локалните земјоделци и на локалните заедници.

**Работно време, плати и бенефиции**

На нашите вработени им нудиме плати кои се конкурентни во однос на индустријата и локалниот пазар на труд и се базирани на квалификациите, резултатите, вештините и искуството. Се залагаме за еднакви плати. Работиме во целосна согласност со важечките закони за плати, работно време, прекувремена работа и бенефиции.

**Насоки и известувања за вработените**

Се залагаме за создавање работна средина во која отворената и искрената комуникации меѓу сите вработени се вреднува и почитува. Нашата политика е да ги следиме сите важечки закони за труд и вработување каде и да работиме.
Доколку сметате дека постои конфликт помеѓу јазикот на политиката и законите, обичаите и практиките на локацијата каде што работите, доколку имате какви било прашања во врска со оваа политика или сакате да пријавите потенцијално прекршување на оваа политика, можете да ги наведете тие прашања и грижи со користење на утврдените процеси, кои вложуваат максимални напори за одржување на доверливоста. Можете да поставувате прашања или да пријавувате потенцијални прекршувања до локалното раководство, Секторот за луѓе и култура, Правниот сектор или до одделот за отпорност на бизнисот. Исто така, можете да пријавите какви било потенцијални прекршувања на оваа политика со користење на телефонската линија за Етика и усогласеност на Coca-Cola HBC, Speak Up!, на која, доколку сакате, можете анонимно да ги пријавите вашите грижи. Coca-Cola HBC е обврзана да ги истражи, да ги разгледа и да одговори на грижите на вработените и да преземе соодветни корективни мерки како одговор на секое прекршување.

Оваа политика е одобрена од Извршниот лидерски тим на Coca-Cola HBC на 19 февруари 2024 година и е потпишана од главниот извршен директор. Оваа Политика редовно ќе се разгледува, ажурира и доставува до вработените и до релевантните засегнати страни.